# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 31.1.2019 год.<br>Скопје<br>Број 1 год. XIV | Претплатата за 2017 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јануари, 2019 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за недонесување на Изменување и дополнување на БЛОК 24 во Детален урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар – Скопје, со Решение за објавување ........ 1 - 3

- Одлука за измена на Програмата за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје донесена со Одлука 08-4038 од 6.7.2015 година, со Решение за објавување .................................... 4 - 6

- Одлука за намера за задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги предвидени во компонентата А – Општински инвестиции, МСИП 1/2018, со Решение за објавување ........................................ 7 - 9

- Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин‟-Скопје, со Решение за објавување .... 10 - 11

- Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин‟-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................... 12 - 13

- Одлука за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/147 од 10.12.2018 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи‟ на Општина Центар-Скопје, за вршење комунална дејност во 2019 г одина, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи‟ на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .............................................................. 14 - 15

- Заклучок по Иницијативата од МАНУ за подигање спомен обележја, со Решение за објавување ............................................. 16 - 17

- Програма за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........ 18 - 19

- Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2019 година, со Решение за објавување ................................................................. 20 - 21

- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2019 година, со Решение за објавување ............................................................................... 22 - 23

- Одлука за измена на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година, со Решение за објавување ............................................................................... 24 - 25

- Јавни објави ............................................................................... 26 - 28

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ“ Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за недонесување Одлука за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за недонесување Одлука за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/3
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), а во врска со член 39 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" 199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16 и 64/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## за недонесување Одлука за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје

### Член 1

Советот на Општина Центар-Скопје не ја донесе Одлуката за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Предлог-измената и дополнувањето на планот е изработен врз основа на: Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18); Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 142/15; 217/15; 222/15; 228/15; 35/16; 99/16; 134/16; 33/17 и 86/18);

Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и РП на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на УПД и АУП и содржината, формата и начинот на обработка на ПИ („Службен весник на РМ“ бр. 142/15) и донесениот Детален урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје бр. 07-4414/4 од 18.7.2014 година врз основа на неговото усогласување со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022.

Во согласност со член 39 став 5 од Законот, Советот на Општината донесе „Одлука за недонесување Одлука за донесување измена и дополнување на БЛОК 24 во Деталниот урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје“ бр. 08-3800/38 од 30.8.2018 година (изработен од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје со тех.бр. 081/24/16 од август 2017 година).

Врз основа на член 39 став 6 од Законот, Министерството за транспорт и врски издаде Известување бр. 24-9988/2 од 21.9.2018 година со кое не ја поништи Согласноста издадена со бр. 24-8644/3 од 6.10.2017 година.

Во таа смисла, а во контекст на временската дистанција од добивањето на цитираната Согласност и можните импликации по таа основа, силно се сугерира постапката за изработување и донесување на Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план да се врати во фаза на организирање повторни јавни анкета и презентација, при што неговите доработување и донесување ќе бидат во согласност со референтната законска и подзаконска регулатива.

Бр. 08-455/2
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Програмата за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје донесена со Одлука бр. 08-4038/22 од 6.7.2015 година**

Се објавува Одлуката за измена на Програмата за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје донесена со Одлука бр. 08-4038/22 од 6.7.2015 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/5
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 15 точка 1 алинеја 5 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Програмата за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје донесена со Одлука бр. 08-4038/22 од 6.7.2015 година**

**Член 1**

Во Програмата за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје, донесена со Одлука за донесување Програма за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 11/15 и 12/15) се вршат следниве измени:

-МЛ 027 од ул. „Коле Неделковски" (кружен тек) се заменува со
МЛ 027 на ул. „Аминта Трети" (Министерство за земјоделство - Парк на франкофонијата)

-МЛ 026 од ул. „Н.Н.Борче" (кружен тек) се заменува со
МЛ 026 на ул. „Орце Николов" (спроти националниот ресторан „Мечка")

-МЛ 025 од ул. „Н.Н.Борче" (кружен тек) се заменува со
МЛ 025 на ул. „Чедомир Миндеровиќ" раскрсница со бул. „Климент Охридски" (до НЛБ Тутунска банка)

-МЛ 012 од ул. „Аминта Трети" се заменува со
МЛ 012 на ул. „Аминта Трети" (Парк на франкофонијата)

-МЛ 017 од ул. „Аминта Трети“ (дијагонално од драгсторот „Бети“) се заменува со
МЛ 017 на ул. „Јордан Хаџиконстантинов Џинот“ раскрсница со бул. „Климент Охридски“ (пред Влада на РМ)

-МЛ 018 од ул. „Аминта Трети“ (дијагонално од Амбасадата на Холандија) се заменува со
МЛ 018 на ул. „Орце Николов“ (раскрсница со бул. „Климент Охридски“ (спроти бензинската станица на „Макпетрол“).

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-455/4
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за намера за задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги предвидени во компонента А - Општински инвестиции, МСИП 01/2018**

Се објавува Одлуката за намера за задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги предвидени во компонента А - Општински инвестиции, МСИП 01/2018,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/7
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05; 88/08; 35/11 и 139/14), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), во врска со Планот на програма за развој за период 2019-2021 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 19/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

# О Д Л У К А
## за намера за задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги предвидени во компонента А - Општински инвестиции, МСИП 01/2018

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува намерата за задолжување на Општина Центар-Скопје во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги предвидени во компонента А - Општински инвестиции, преку аплицирање на Јавен повик бр. Втор МСИП 01/2018.

Задолжувањето ќе се оствари преку потпишување Договор за подзаем со Министерството за финансии, во рамките на средствата обезбедени со Вториот проект МСИП 1, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Цел на ова задолжување е финансирање на следниве инвестициски проекти на Општина Центар-Скопје: Реконструкција на водоводната мрежа на улица „Велешка“ Маџир Маало - Општина Центар-Скопје и реконструкција на ЈУОДГ „Раде Јовчевски Корчагин“ - објект „Пепелашка“.

**Член 2**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектот од Министерството за финансии, а во согласност со условите наведени во Јавниот повик.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-455/6
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/9
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје бр. 01-623 од 24.9.2018 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-455/8
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/11
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15) и член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, бр. 01-625 од 24.9.2018 година, донесен од Управниот одбор на ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-455/10
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/147 од 10.12.2018 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/147 од 10.12.2018 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/13
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13 и 41/14) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/147 од 10.12.2018 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/147 од 10.12.2018 година за усвојување на Годишната програма на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје за вршење комунална дејност во 2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-455/12
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот по Иницијативата од МАНУ за подигнување спомен-обележја**

Се објавува Заклучокот по Иницијативата од МАНУ за подигнување спомен-обележја,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/15
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, расправаше по Иницијативата од МАНУ за подигнување спомен-обележја и донесе

**З А К Л У Ч О К**
**по Иницијативата од МАНУ за подигнување спомен-обележја**

1. Се усвојува Иницијативата од МАНУ за подигнување спомен-обележја.

2. Заклучокот стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-455/14
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/17
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Во Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 4/16) точка 2 се дополнува со нова алинеја што гласи:

- „Горан Стефановски".

**Член 2**

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-455/16
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници на Општина Центар-Скопје за 2019 година**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници на Општина Центар-Скопје за 2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/19
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници на Општина Центар-Скопје за 2019 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-455/18
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2019 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/21
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16 и 142/16), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2019 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на јавните службеници за периодот од 1.1.2019 година до 31.8.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 1.9.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-455/20
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година**

Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година.

Бр. 09-455/23
31.1.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18) и член 26 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на 23. седница, одржана на 31.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2019 година**

**Член 1**

Во член 13 во став 2 се бришат зборовите „со кој живеел во заедница“, а став 3 целосно се брише.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-455/22
31.1.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Цветанка Симоновска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Ип1 бр. 33-1 од 03.01.2019 г.**
**СКОПЈЕ**

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 135 алинеа 3 и член 137 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**1.СЕ НАРЕДУВА НА НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, Скопје, по приемот на ова решение, во рок од (1) ЕДЕН ДЕН, да ја ОТСТРАНИ градбата: ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 35.00м, висина 2.00м, изградена од метални профили на КП 5530/1 КО Центар 1 и ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 77.00м, висина 2.00м, изградена од метални профили на КП 5530/5, ИЛ број 101667 КО Центар 1, на улица "Лазар Личеновски" бб, Скопје, на земјиште во сопственост на Република Македонија, воведено во градежен дневник број 1 од 03.01.2019г на овластениот градежен инспектор.**

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, постапувајќи по службена должност изврши увид на лице место и констатира со Записник за констатација Ип1 бр. 33 - 1 од 03.01.2019г, градежен дневник број 1 од 03.01.2019г., дека НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, Скопје, изградил: ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 35.00м, висина 2.00м, изградена од метални профили на КП 5530/1 КО Центар 1 и ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 77.00м, висина 2.00м, изградени од метални профили на КП 5530/5, ИЛ број 101667 КО Центар 1, на улица "Лазар Личеновски" бб, Скопје, на земјиште во сопственост на Република Македонија, без да поседува решение согласно член 73 од Законот за градење.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на наведената градба, согласно член 137 став 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја изградил горенаведената градба без решение согласно член 73, и согласно член 135 алинеа 3 од Законот за градење се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Милан Пижула, диа**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Ип1 бр. 33- 1 од 03.01.2019 г.**
**С К О П Ј Е**

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**- за дозвола на извршување -**

**1. СЕ УТВРДУВА дека решението бр. ИП1 бр. 33-1 од 03.01.2019 год. донесено од страна на овластениот градежен инспектор во Општина Центар – Скопје, е ИЗВРШНО и се допушта неговото административно извршување.**

**2. СЕ НАЛАГА на извршеникот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, Скопје, во рок од (3) ТРИ ДЕНА по приемот на овој заклучок, САМ да ја ОТСТРАНИ градбата: ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 35.00м, висина 2.00м, изградена од метални профили на КП 5530/1 КО Центар 1 и ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 77.00м, висина 2.00м, изградена од метални профили на КП 5530/5, ИЛ број 101667 КО Центар 1, на улица "Лазар Личеновски" бб, Скопје, на земјиште во сопственост на Република Македонија, или го допушти нивното присилно административно извршување.**

**3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.**

**4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение Ип1 бр. 33-1 од 03.01.2019 г. му наложи на НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР Скопје, ВО РОК ОД ТРИ ДЕНА да ја ОТСТРАНИ градбата: ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 35.00м, висина 2.00м, изградена од метални профили на КП 5530/1 КО Центар 1 и ДВОРНА ОГРАДА со димензии: должина 77.00м, висина 2.00м, изградена од метални профили на КП 5530/5, ИЛ број 101667 КО Центар 1, на улица "Лазар Личеновски" бб, Скопје, на земјиште во сопственост на Република Македонија.
Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.
Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.
Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**ПРАВНА ПОУКА** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во област на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси („Сл.в. на РМ" број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Милан Пижула дипл. инг. арх**

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.:**Уп1 27-382/2017**
**Датум: 10.12.2018**

**До**

**Бариш Балкан ул.Тодор Александров бр.73/2/3, Скопје**
**Беркан Балкан ул.Тодор Александров бр.73/2/3, Скопје**
**ЕКСИКО ДООЕЛ ул.Иван Милутиновиќ бр.14/1-2, Скопје**
**НМО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ бул.К. Јосифовски Питу бр.30/3/1, Скопје**
**Ивановска Искра ул.Наум Наумовски Борче бр.66, Скопје**
**Гордан Чогеља ул.Руди Чајевац бр.12/1/15, Скопје**

**Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ НА СОСЕДИ**

Почитувани,

Градоначалникот на Општина Центар Скопје постапувајќи по барањето на инвеститорот **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ДИНО 99 УВОЗ –ИЗВОЗ ДООЕЛ ПРИЛЕП** со седиште на ул.Илија Василевски бр.11 Прилеп, поднесено во електронска форма преку информатичкиот систем е-одобрение за градење под **Уп1 бр.27-382 од 07.12.2017 година**, издаде **Одобрение за градење со Уп1 бр. 27-382/2017 од 02.11.2018 год** за објект од втора категорија, намена **А4-времено сместување, кој објект се наоѓа на ул.Славејко Арсов, КП 2424/22, КО Центар 2, ГП 8.5** од ДУП Изменување и дополнување на детален урбанистички план Тасино Чешмиче 1, со Одлука бр.07-4414/6 од 18.07.2014 година.

Согласно член 62 -а од Законот за градење („Службен весник на Р.М." бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2013, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), Ве известуваме дека во рок од 15 дена од денот на издаденото одобрение можете да извршите увид во документацијата.

Горното Ви се дава на знаење.

Намена: Доколку не извршите увид и/или не поднесете жалба против издаденото одобрение за градење во рок од 15 дена од денот на издавањето на одобрението за градење, одобрението за градење станува правосилно.

Увидот може да го извршите во просториите на Општина Центар-Скопје, барака 3, во приемните термини- вторник и четврток во период од 13,00 до 15,00 часот.

**Предупредување :** Согласно член 84 став 6 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" бр. 124/15), овој начин на доставување до странката се смета за уредна достава и негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.